СТОПАНСКА КОМОРА
НА МАКЕДОНИЈА
ECONOMIC CHAMBER
OF MACEDONIA

**ГРУПАЦИЈА НА МЕЃУНАРОДНИ ШПЕДИТЕРИ**
**И ЛОГИСТИЧКИ ОПЕРАТОРИ - MIFA**

---

# *П Р А В И Л А*
## *за организацијата и начинот на работа на Групацијата на меѓународните шпедитери и логистички оператори -MIFA*

**-Пречистен текст-**

**С к о п ј е**
**Февруари 2008 година**

# ***П Р А В И Л А***
## ***за организацијата и начинот на работа на Групацијата на меѓународните шпедитери и логистички оператори -MIFA***

**-Пречистен текст-**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овие Правила се уредува организацијата и начинот на работењето на Групацијата на меѓународните шпедитери и логистички оператори (во натамошниот текст: Групацијата, односно Асоцијацијата).

Скратениот назив на Групацијата гласи: MIFA

Називот на Групацијата на англиски гласи:

“MACEDONIAN INTERNATIONAL FREIGHT FORWARDERS AND LOGISTICS OPERATORS ASSOCIATION” MIFA

Член 2

Групацијата е непрофитабилен, стручен облик на организирање и работење во рамките на Здружението на сообраќајот и електронските комуникации (во натамошниот текст: Здружението), преку кој членовите на Здружението од дејноста шпедиција, самостојно одлучуваат и вршат работи и задачи од интерес на соодветната дејност.

Член 3

Во Групацијата се здружуваат правни лица кои се занимаваат со шпедитерски услуги, како што се:

- царинско посредување и консалтинг;
- камионски превоз;
- авионски карго превоз;
- поморски и Контејнерски превоз;
- железнички превоз;
- складиштење;
- дистрибуција;
- транспортно осигурување;
- селидби и
- други активности во рамки на горенаведените услуги, а во согласност со логистичките трендови како и специфичните барања и очекувања на клиентите.

како и други заинтересирани правни лица чија дејност е поврзана со шпедицијата, заради ефикасно остварување на специфичните интереси во дејноста.

Своите активности шпедитерите ги извршуваат независно, на база на склучени договори со директните превозници / агенти со цел обезбедување на оптимално квалитетни услуги на своите клиенти.

Здружувањето во Групацијата и истапувањето од неа е на доброволна основа, согласно условите за членство утврдени со посебен акт на Групацијата, кој ќе се смета за составен дел на овие Правила.

Член 4

Секој член на Групацијата доколку има интерес, може да се поврзува и да учествува во работата и на други облици на организирање во рамките на Комората.

## II. ОСНОВНИ ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ

Член 5

Тежиштето на активностите на Групацијата ќе биде унапредување на вкупните односи во шпедицијата, а особено:

- разгледува прашања во врска со унапредувањето на работењето и решавањето на тековните проблеми во дејноста;
- ги усогласува пројавените спротивности и различни интереси во рамките на дејноста, имајќи ги предвид и интересите на стопанството во целина;
- усвојува заклучоци и предлага мерки што се од заеднички интерес на членовите, а кои не се во спротивност со позитивните законски прописи и добрите деловни обичаи;
- разгледува предлози на закони и други прописи, дава мислења и предлози по прашања од заеднички интерес на членовите и покренува иницијативи за донесување и за измени и дополнувања на истите;
- иницира и остварува соработка со членови на други здруженија и групации во рамките на Комората и надвор од неа по прашања од заеднички интерес и остварува меѓународна соработка во согласност со програмските активности на Групацијата и со општите акти на Комората, односно Здружението;
- обавува активности поврзани со членство на оваа Групација во одредени меѓународни организации (FIATA и сл.);
- соработува со надлежните органи и институции во земјата согласно Законот и со општите акти на Комората и ги застапува интересите на членовите на Групацијата;

  Преку својата планирана поактивна партиципација во активностите на релевантните владини институции (Царинска управа, Министерство за финансии, Министерство за здравство, Министерство за транспорт и врски и др.), како и во меѓународните асоцијации FIATA, CLECAT и др., Асоцијацијата има за цел да врши достојно презентирање и заштита на интересите на своите членки и шпедитерската индустрија во целост, како и да лобира за исполнување на определени интереси.
- врши размена на информации од интерес на членовите на Групацијата;

  Со оглед на фактот дека работењето на шпедитерите е комплексно, една од целите на Асоцијацијата е да обезбеди континуиран и навремен проток на информации од сите аспекти на шпедитерската индустрија кои би ги олесниле секојдневните активности. Посебен акцент се води на навремена комуникација на релација царински посредници - Царинска управа. Во тој контекс, приоритет претставува и доставувањето на информации до сите членки (по активности) за новините од областа на

авионскиот, поморскиот или камионскиот транспорт, логистиката во целост, плановите за организација на семинари и сл.

- врши промотивни активности од интерес на Групацијата.
  Врши промоција на активностите на шпедитерите во деловниот свет, запознавање на јавноста и компаниите со услугите што домашните шпедитери можат да ги извршат, како и за значењето на шпедитерите во денешната трговска стокова размена (менаџери т.е. архитекти на транспортот). Имајќи во вид дека често улогата на шпедитерот е потценета или неправилно евалуирана, промоцијата на шпедитерите е еден од битните приоритети на Асоцијацијата која преку својата база на податоци на членките и нивните активности може да врши препорака на шпедитерите до сите заинтересирани страни.
- ги координира активностите за организиран настап на членовите на семинари, конгреси и други манифестации во земјата и во странство;
  Меѓународната шпедиција е стручна и комплексна професија која бара континуирана обука и усовршување на сите компании и вработени кои сакаат да останат активни и во тренд со новитетите на денешницата. За подобрување на вештините и едукација на Шпедитерите, Асоцијацијата ќе координира континуирано одржување на Семинари за своите членки како и за сите заинтересирани субјекти од различни области, како на пример Царина, IATA курсеви, превоз на опасни материи, контејнерски транспорт и слично.
- доследно ги извршува доверените јавни овластувања утврдени со Закон;
- ги поттикнува имплементацијата на европските правила и стандарди и перманентното функционално образование и иновација на знаењата на стручните кадри од дејноста;
- остварува други активности што заеднички ќе ги договорат членките на Групацијата.

## III. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ЧЛЕНОВИТЕ

Член 6

Секој член на Групацијата ги има следните права:

- да бира и да биде биран во органите и телата на Групацијата;
- редовно и навремено да биде информиран за прашања од делокругот на работата на Групацијата.
- да покренува иницијативи за донесување и да разгледува предлози на закони и други прописи, да дава мислење и предлози по прашања од соодветната дејност и стопанството во целина;
- да користи стручна и друга помош, како и услуги кои ги врши Стопанската комора на Македонија во рамките на својата дејност;
- да користи деловни информации со кои располага Стопанската комора на Македонија;
- да го користи логото на Групацијата;
- листинг на членки на интернет страницата на Групацијата со краток опис на активностите или директен линк до сопствената интернет страница.
- пристап до базата на информации и податоци обезбедени од Групацијата, а поврзани со секојдневното работење на шпедитерите;

- активно учество во сите сфери од работењето на Групацијата преку давање на предлози за нејзино дејствување;
- можност за заштита од Групацијата преку нејзино посредување за надминување на проблеми или потешкотии во соработка со Владини институции и меѓународни организации;
- користење на FIATA-документи;
- учество на сите семинари организирани од Групацијата по повластени цени;
- повикување на и работење согласно Општите услови на работење на шпедитерите

Секој член на Групацијата ги има следните обврски:

- да се придржува кон одредбите на Статутот на Стопанската комора на Македонија, општите акти и другите одлуки на органите на Комората, Правилата за организацијата и начинот на работа на Здружението, овие Правила и другите акти и одлуки на Групацијата;
- да учествува во обезбедувањето средства за остварување на целите на зачленувањето, согласно одредбите на Статутот на Стопанската комора на Македонија;
- да учествува во креирањето на програмите за работа на Групацијата, на Здружението и на Стопанската комора на Македонија;
- да се придржува стриктно кон дефинираните услови за членство во Групацијата.

## IV. УПРАВУВАЊЕ СО РАБОТЕЊЕТО НА ГРУПАЦИЈАТА

Член 7

За прашањата од својот делокруг на работа, Групацијата работи на седници.

Член 8

Од претставниците на членовите на Групацијата, на седница Групацијата избира Управен одбор како орган на управување и претседател и заменик-претседател.

Претседателот, заменик претседателот и членовите на Управниот одбор се бираат на основа на претходно доставени предлози во писмена форма од членките на Групацијата, или пак според предлозите утврдени не подоцна од почетокот на самата седница, со гласање и обезбедување на двотретинско мнозинство од присутните членки на седницата.

Управниот одбор има 7 членови, ангажирани на волонтерска основа.

Претседателот и заменик-претседателот се членови на Управниот одбор.

Претседателот на Управниот одбор е и претседател на Групацијата, а заменик-претседателот на Управниот одбор е и заменик-претседател на Групацијата.

Мандатот на членовите на Управниот одбор изнесува 5 години, со можност за повторен избор.

Се утврдува можност од бирање на почесен член на Управниот одбор на Групацијата за лица кои со својата репутација и углед можат да допринесат во понатамошен развој и зголемување на угледот на шпедитерската дејност.

Член на Управниот одбор може да биде разрешен од оваа функција и пред истекот на мандатниот рок, во случај на предизвикување дејствија спротивни на интересите на Групацијата или поради сопствена неактивност или неприсуствување на закажаните седници повеќе од три пати, освен во случај на објективна спреченост. Иницијативата за разрешување на член на Управен одбор може да ја даде Претседателот на Групацијата или членството со обезбедување на двотретинско мнозинство од присатните членки на седницата.

Членовите на Управниот одбор или членките можат да покренат иницијатива за разрешување на Претседателот на Групацијата пред истекот на мандатниот рок со обезбедување на двотретинско мнозинство од присатните членки на седницата на Групацијата.

Член 9

Управниот одбор на Групацијата се грижи за остварување на целите и задачите утврдени во член 5 на овие Правила, ги поттикнува, насочува и се грижи за остварување на активностите на членовите на Групацијата и презема други активности во насока на реализација на целите на членувањето во Групацијата.

Член 10

Работите од својот делокруг Управниот одбор на Групацијата ги врши во согласност со Статутот на Стопанската комора на Македонија, овие Правила и интересите на членовите на Групацијата.

Член 11

Управниот одбор може полноважно да одлучува доколку е присутно мнозинството од членовите на Управниот одбор, а одлуките се донесуваат со мнозинство гласови од присутните членови на Управниот одбор.

Управниот одбор на Групацијата има право да предлага и донесува одлуки за изменување и дополнување на Правилата за организацијата и начинот на работа на Групацијата преку обезбедено двотретинско мнозинство на седница на Управниот одбор.

Членството на Групацијата има право да ги оспори донесените одлуки врз основа на поведена иницијатива за таа цел и обезбедено двотретинско мнозинство на седница на Групацијата.

Член 12

Претседателот ја претставува Групацијата, ја свикува и раководи со седницата на Групацијата и со седниците на Управниот одбор и ги извршува одлуките и заклучоците, се грижи за остварување на соработка со други облици на организирање во рамките на Комората и надвор од неа и врши други работи во врска со организирањето и раководењето со работата на Групацијата.

Во извршувањето на работите од својот делокруг претседателот на Групацијата работи во согласност со Статутот на Стопанската комора на Македонија, со Правилата на Здружението и со овие Правила.

Во отсуство на претседателот на Групацијата, неговата функција ја извршува заменик-претседателот на Групацијата.

Член 13

За извршување на одредени работи од нејзиниот делокруг, Групацијата може да формира постојани или повремени работни тела, заради ефикасно остварување на специфичните интереси во дејноста.

## V. СОРАБОТКА СО ДРУГИ ГРУПАЦИИ, ЗДРУЖЕНИЈА, РЕГИОНАЛНИ КОМОРИ И ДРУГИ ФОРМИ НА ОРГАНИЗИРАЊЕ И РАБОТЕЊЕ

Член 14

По прашања од заеднички интерес, Групацијата соработува со други групации, здруженија, регионални комори и други форми на организирање и работење во рамките на Стопанската комора на Македонија и надвор од неа.

По прашањата од заеднички интерес може да се организираат заеднички седници, состаноци, бизнис средби, презентации, семинари и сл.

Групацијата, соработката и контактите со институциите во земјата и во странство може да ги остварува непосредно и посредно, преку надлежните органи на Стопанската комора на Македонија, во согласност со Статутот и другите акти на Стопанската комора на Македонија.

Член 15

За активностите од својот делокруг на работа Групацијата треба да обезбеди соодветна транспарентност достапна до нејзините членови, до претседателот на Здружението и до органите на Стопанската комора на Македонија.

Член 16

Со цел за обезбедување соодветна препознатливост во настапот и во комуникациите во земјата и странство, во функција на заштита на интересите на нејзините членови, Групацијата може да има и свој заштитен знак-лого.

## VI. СРЕДСТВА ЗА РАБОТА НА ГРУПАЦИЈАТА

Член 17

Висината на финансиските средства потребни за работа на Групацијата се во рамките на финансиските средства што за Здружението се утврдуваат со Финансискиот план на Стопанската комора на Македонија, врз основа на програма за работа верифицирана од Собранието на Стопанската комора на Македонија.

За извршување на одредени работи од делокругот на Групацијата, кои не се финансираат од придонесот, односно за финансирање на посебни активности што не се утврдени со годишната програма за работа на Комората, членовите на Групацијата можат да обезбедуваат наменски средства, односно да донесат одлука за обезбедување средства за одделни специфични намени, со кои располагаат самостојно.

Средствата за посебни намени на Групацијата се водат на посебна потсметка во Стопанската комора на Македонија.

Наредбодател за користење на посебните средства е Претседателот на Групацијата, односно лицето кое ќе го овласти Групацијата потврдено со Одлука потпишана од Претседателот на Групацијата.

По иницијатива на Претседателот или членовите на Управниот одбор, претставник на Управниот одбор или кој и да е Член на Групацијата, во својство на овластен претставник на Групацијата, може да биде испратен на службен пат во Македонија или странство на сметка на Групацијата. Надомест на трошоците за пат во Македонија се врши на основа на поднесени сметки, а за користење на сопствено возило надомест се врши на основа на поднесен Патен налог а според важечките сметководствени прописи утврдени во Службен Весник, кои во моментот на донесување на оваа одлука изнесуват 30% од цената на чинење на литар гориво по изминат километар плус приложени сметки за патарини.

За патувања во странство надомест се врши на основа на поднесени сметки и во согласност со важечките сметководствени прописи утврдени во Службен Весник на Република Македонија.

И во двата случаи е одобрено и подигнување на аванс за службен пат.

Член 18

Стручните, административно-техничките, помошните и другите работи за потребите на Групацијата ги врши стручната служба од секторот за сообраќај при Комората, во согласност со Законот, Статутот и други општи акти на Комората, Правилата на Здружението и овие Правила.

Член 19

Овие Правила влегуваат во сила со денот на донесувањето.

*

*          *

Пречистениот текст ги опфаќа Правилата за организацијата и начинот на работа на Групацијата на меѓународните шпедитери бр. 23-2690/2 од 16.06.2005 година; Одлуката за изменување и дополнување на Правилата за организацијата и начинот на работа на Групацијата на меѓународните шпедитери број 23-4035/2 од 18.12.2006 година; Одлуката за изменување и дополнување на Правилата за организацијата и начинот на работа на Групацијата на меѓународните шпедитери број 23-4035/3 од 18.12.2006 година, Одлуката за изменување и дополнување на Правилата за организацијата и начинот на работа на Групацијата на меѓународните шпедитери број 23-4036/2 од 21.12.2006 година и Одлуката за дополнување на називот на Групацијата на меѓународните шпедитери - MIFA број 23-412/3 од 20.02.2008 година, во кои е означен денот на нивното влегување во сила.

Претседател на Групацијата,
Стевица Чарапиќ

Бр. 23-412/5
20.02. 2008 год.
С к о п ј е

______________